Д-р Анета Јовковска, доцент
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“, Скопје

# Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци

Од првите години на постоење на христијанската црква, посебно внимание се посветувало на образованието и воспитанието во партистичките списи. Светите отци гледале на образованието од гледна точка на вечноста и затоа нивните дела не содржат строго дефинирани педагошки проблеми. Своите размислувања, објаснувања и упатства за воспитанието, тие ги насочуваат кон разјаснување на процесот воспитание во духот на православното христијанство. Истите се состојат од одделни барања и објаснувања за суштината на воспитанието и образованието, кои се подеднакво неопходни за исполнување од страна на секој христијанин. Тие сведочат и покажуваат како вистините на верата го анимираат и трансформираат човечкиот дух и како човечката мисла се раѓа и обновува во искуството на верата. Ги откриваат вистините на верата во холистички и креативен христијански светоглед.

Христијанската педагогија првенствено се потпира на моралното формирање на една личност – на доблеста и мудроста која ги обединува разумот, волјата и верата. Квалитетите на душата и нејзиниот однос со телото; улогата на разумот во тоа; способноста на умот за дисциплина; воспитување на чувствата за негување на емпатијата и љубовта; способност за развој на волјата; можноста да се открие божественото во себе – сето тоа ги сочинува внатрешните фактори на христијанското воспитание и образование. На нив влијае и Бог, првенствено преку светите црковни тајни, молитвата, проповедта, исповедта и покајанието.

Едно од најважните обележја на христијанската педагогија е идејата за целта и смислата на животот, како и за неговата насока. Оваа идеја, исто така, ја утврдува целата насока и на формалниот педагошки процес, како и на неформалното образование. Човекот е роден за вечност, што се постигнува со благодатта Божја преку духовно совршенство и желбата да се спознае Бог. Ова е смислата на привремениот живот. Оттука, најважната задача со која се соочува христијанската педагогија е враќање на внатрешната хиерархија на личноста и преовладување на духовниот принцип над материјалното. Само во овој случај, ликот на Бога во човекот може да се открие во целост.

Крајната цел на образованието се совпаѓа со Божјиот план за човекот. Лежи во соединувањето со Бога, во обожението на човекот. Во тој контекст, свети Климент Александриски запишал: „О, ученици на слатката педагогија! Откако станавме слушатели на Логосот, да ја славиме економијата на нашето спасение, што нè прави благословени; тука човекот се воспитува во состојба на Божјо чедо и на тој начин се осветува. Преку

образованието добиено на земјата, човекот станува граѓанин на небото“.[1] Образованието разбрано на ваков начин станува неопходен и важен дел од мисионерската активност на Христијанската црква, при што секој мисионер е должен да биде подеднакво и учител. И тој мора да ја носи оваа чесна служба, исполнувајќи ги зборовите кои Христос ги упати до апостолите: „Одете и научете ги сите народи ... учејќи ги да пазат сѐ што сум ви заповедал“ (Матеј 28, 19).

Свети Климент Александриски дал огромен придонес за формирање на ранохристијанското образование и воспитание. Одредени историчари тврдат дека во ранохристијанскиот период, во Александрија, воопшто не постоеле училишта, туку само независни учители. Според ова гледиште, лаичките учители во Александрија, вклучително и свети Климент Александрски, одиграле важна улога во Црквата давајќи настава на сите нивоа – почнувајќи од катихетска за оние кои сакале да се крстат и да станат христијани, па сѐ до стручна теологија. Многумина од овие учители, исто како свети Климент, биле одлично едуцирани во грчката философија и култура, но и како теолози биле активно вклучени во „скрипториумот“ што сигурно постоел во Александрија кон средината на вториот век.[2] Поседувајќи го тоа знаење, свети Климент Александриски имал можност успешно да ја развие философијата на христијанското образование, инкорпорирајќи го во неа наследството на паганската педагошка мисла од тоа време. Така, тој ги помирил античките со библиските воспитни принципи, комбинирајќи го античкиот философски систем со христијанскиот патос, со кој влезе во историјата на образованието и педагошката мисла.

Неговата дваесетгодишна педагошка активност кулминирала со пишување на повеќе од дваесет есеи. Од неговите дела кои ни се денес достапни, за христијанската педагогија е најзначаен трактатот „Педагог“. Ова негово дело содржи јасна програма за постепено поучување и формирање на совршен и просветлен христијанин. Делото се заснова на принципот на конзистентност на наставната програма, развиена во александриската школа. Во споменатата школа, образованието имало подготвителен и два основни курса. „Педагог“ е напишан за првата од двете главни години на студии.

Во своето дело „Педагог“, сите луѓе, без разлика на возраста и искуството, свети Климент Александриски ги нарекува деца – чеда Божји, а Христос Го нарекува Педагог – совршен воспитувач и учител. Карактеристично за христијанската мисла е употребата на Климентовото слово „младенец“. Тоа не е поврзано со конкретна возраст на луѓето, туку има смисла во однос на нашата врска со Бога. Човекот како „младенец пред Бога“ е двојствен. Од една страна, тој е понизок во хиерархијата од „маж“, бидејќи „младенството“ на човештвото сѐ уште не е негово потчинување во духот на христијанското учење, туку на Старозаветниот Мојсеев закон, од кој луѓето, неискусни во самоопределувањето, се плашат како детето што се плаши од препарирани животни.

[1] Климент Александрийский, *Педагог* (Москва: Экуменический центр ап. Павла, 1996), 283-284.
[2] Според Birger A. Pearson, Egypt, во книгата: *The Cambridge History of Christianity*. Volume 1. Origins to Constantine. Уредници: Margaret M. Mitchell, Frances M. Young (Cambridge: Cambridge University Press, 2006), 331-350.

Од друга страна, младенците се помудри во својата чистота од мудреците на овој свет како чеда Божји на кои патот кон спасението им е отворен. Еден човек може да стане младенец (односно да биде како младенец, бидејќи сите сме чеда Божји), откако ќе го помине патот на христијанското образование и самоусовршување. Таквото „чедо Божјо“ станува „младенец“ негуван од Христа и прочистен од пороци, беззаконие и злодела.

Главната педагошка цел свети Климент Александриски не ја разбира само како поука за христијаните, туку како нивно подобрување и насочување не само кон знаењето, а и кон доблесниот живот. Достигнувањето на педагошкиот идеал го разгледува најпрво преку стекнување со праведност и други доблести, потоа преку христијанско однесување (извршување на праведни дела) и како трето: преку совладување на страстите. „Пракса, а не теорија е областа на Педагогот“, пишува свети Климент Александриски, „и Неговата цел не е да обучува, туку морално да ги подобрува луѓето. Он сака да ни прикаже живот на мудрец, а не на научник...“[3]

Понекогаш, свети Климент Александриски својата мисла ја изразува со термини свесно позајмени од старогрчката мистерија. Така, тој истакнува дека грчката мистерија започнува со очистувањето, што е аналогно на христијанската исповед. Потоа, постои посветеност во „мали мистерии“ како обука или припрема за големи мистерии или тајни, кога човекот повеќе не се обучува, туку созерцува во дадената реалност. Тоа е највисокиот степен на христијанската просветленост – богосозерцание, кое се достигнува по пат на длабока анализа.

Според свети Климент Александриски, христијанското совршенство се состои во познавање на доброто и уподобување на Бога. Цел на христијанскиот живот е да се спознае или да се види Бог. Совршен гносис е вечно созерцание и во таа смисла тоа е поголемо од верата. Доколку оддалечувајќи се од незнабоштвото се приближуваме кон верата, тогаш сме должни од верата постепено да се оддалечуваме, приближувајќи се кон гносисот за да може да се стекнеме со знаење. Не е доволно да се биде христијанин – тој дар потребно е да се умножува со живот кој е посветен кон созерцание, отфрлање на страстите и достигнување на состојба на бестрашност. Свети Климент Александриски тврди дека аскетскиот идеал на таквата бестрашност не се разликува многу од бестрашноста кај стоиците. Тој смета дека само совршениот христијанин, кој се стекнал со бестрашност, поседува дар на знаење и тој е вистински гностик.[4] Античката Софија, која произлегува од искуството на сетилата во познавањето на надворешниот временски свет е преелиминарна фаза, односно определен стадиум на патот кон духовната вистина (гносис).

Настојувајќи да ги преобрати Грците во христијанство и да ги привлече кон Црквата, свети Климент Александриски ја докажува надмоќта на христијанството во споредба со

[3] Климент Александрийский, *цит. дело*, стр. 156.
[4] Климентовиот гностик нема ништо заедничко со еретиците кои се нарекуваат гностици. Според неговото мислење, христијанските гностици не се посебна „каста“, која по својата духовна природа се разликува од другите луѓе. Вистинските гностици се христијани кои во добродетелта созерцание достигнале совршенство и тоа им се нуди на сите луѓе. За Божествената педагогија и гностичките учители види повеќе во Judith L. Kovach, “Divine Pedagogy and the Gnostic Teacher according to Clement of Alexandria”, The Journal of Early Christian Studies 9 (The Johns Hopkins University Press, 2001), 3-25.

паганството, но истовремено негува потполно позитивен однос кон грчката философија: „Философијата на Грците им била потребна заради праведноста. До доаѓањето на Господ, па дури и сега, таа е корисна за развој на вистинската религија како припремна дисциплина за оние кои приоѓаат на верата со посредство на очигледното демонстрирање... бидејќи Бог е Источник (Извор) на секое добро: било непосредно како во Стариот и Новиот завет, било посредно – како во случај со философијата. Но можно е дури философијата да им била дадена на Грците непосредно, бидејќи таа била ’воспитувач‘ (Гал. 3, 24) кон Христа - исто она што Законот бил за Евреите. На тој начин, философијата била припрема која на човекот му го расчистила патот кон совршенството во Христа.“[5]

Централноста на паидејата во Климентовото објаснување за христијанството е добро позната.[6] Тој ја открива духовната вредност на педагогијата, размислувајќи за воспитанието како спасение. Го претставува Христос како совршен Παιδαγωγός и Διδάσκαλος, Кој се обидува да го обучи целото човештво до совршенство. Според Климент Александриски, Христос како Педагог, во својата полна љубов и грижа за нас – неговите деца, нè учи на таков начин на живот кој води кон спасение. Педагогот не допушта неговото дете под световното влијание да биде занесено од развратни инстинкти, туку го воспитува со својот разум цврсто да се држи до вистината сè додека – не претрпувајќи никаква штета – како грижливо воспитано дете не влезе во небесното пристаниште. Божественото воспитание е вечно и тоа е драгоцена ризница.[7]

Во борба со страстите, свети Климент Александриски препорачува строгост, која ја разбира како педагошки метод со кој му се помага на детето во борбата со гревовните наклонетости. „За правилно воспитување на децата строгиот метод е корисен. Тој е неопходно помошно средство во воспитувањето. Многу страсти се искоренуваат само со посредство на казната и изрекувањето на строги заповеди“, препорачува светителот.[8] Во делото „Педагог“ ја пронаоѓаме целта на воспитанието – припрема за вечен живот: да се биде граѓанин на небесата и патот до таа цел: да се воспитуваме до состојба на чеда Божји.

Во IV век, после ерата на прогонството од страна на државата, христијанството беше во можност да стане водечка духовна и идеолошка сила на општеството. Исто така, крајот на вековното непријателство помеѓу државата и Црквата отворил простор за поголемо меѓусебно влијание помеѓу елинската паидеја и православното христијанско воспитание и образование. Во тој период, големите учители на Црквата биле воедно и епископи, како на пример: свети Василиј Кесариски, свети Григориј Назијанзин и свети Јован Златоуст. Овие тројца архиереи се прославени како големи уметници на ораторството. Пронаоѓајќи човечки зборови, доволно силни за да го изразат Божјиот Збор, тие станале пример за вистинска реторика, не само во поглед на стилот на изразување, туку и по однос на содржината на нивните проповеди. Реториката, пак, била разбрана од Византијците како света уметност – дел од светиот космос на човекот. Тие дури ја нарекувале реториката

[5] Климент Александрийский, *цит. дело*, 228.
[6] Види во Werner Jaeger, *Early Christianity and Greek Paideia* (Cambridge: Harvard, 1961), 46-62.
[7] Според Judith L. Kovach, “Divine Pedagogy and the Gnostic Teacher according to Clement of Alexandria”, The Journal of Early Christian Studies 9 (The Johns Hopkins University Press, 2001), 3-25.
[8] Климент Александрийский, *цит. дело*, 230.

μυστήριον (мистерија), па дури и „света тајна“.[9] Со оглед на важноста на зборовите, голема задача за нас како човечки суштества треба да е проучувањето на уметноста на зборовите. Во контекст на тоа, свети Григориј Назијанзин рекол: „Зашто моќна и енергична работа е говорот на човекот: влегува низ ушите и го обликува умот, импресионира или обликува со она што го пренесува, така што нѐ насочува да ја сакаме вистината.“[10] Светителот сметал дека наша важна задача треба да биде и пронаоѓањето соодветни зборови за Словото за да може адекватно да се пренесе Божјата Реч преку зборовите на човечките суштества.[11] За да можеме да користиме зборови на таков начин што тие би ги пренесувале не само нашите сопствени мисли туку и Божјото Слово и да овозможат Словото да го трансформира нашето разбирање и целото наше битие, сето ова бара многу дисциплиниран ум и особено формирана личност. Византјците верувале дека за постигнувањето на оваа цел е потребна целосна паидеја, сеопфатно образование и воспитание.[12]

Православното воспитување во IV век произлегувало не само од љубовта на верните кон Христа, туку и од разноврсните духовни вредности, кои Црквата ги усвоила непосредно преземајќи ги од системот на елинската паидеја. Надворешната реакција на христијаните кон авторитетот на елинската цивилизација бил двостран. Некои верни ја доживеале новата историска положба и наглиот прилив на нови луѓе и обичаи во Црквата како соблазна. Тие се повлекувале од населените места, одбивајќи да живеат во новата христијанска цивилизација. Поради тоа, IV век е време на забрзан развој и устројство на монашкиот живот. Отшелниците настојувале со својот живот и подвиг да ја сочуваат чиста богооткриената вера на Црквата. Од друг агол на набљудување, можело да се забележи простор за мисија на Црквата и сведочење на спасението во Христа. Христијанската служба била насочена кон духовно препородување на елинското општество, прифаќање и преведување на неговата паидеја во нов духовен контекст.

Светите отци во византискиот период спровеле процес на постепено преминување од паганско во христијанско образование. На пример, преку делата на свети Василиј Велики постои голема асимилација на паганската философија и култура. Карактеристично е тоа што свештениот отец наместо „нашата религија“, често пишува „нашата философија“. Тој е практичар. Зборот за него е инструмент за убедување и влијание врз умот на човекот.

Свети Василиј Велики дипломирал на Атинската академија. Тој, разговарајќи за тоа како да се справиме со паганското знаење, во своето упатство до младите го напишал следново: „Вие, кои секој ден одите кај учители и разговарате со почитувани луѓе од антиката преку пишувањата што ги оставиле, немојте да се изненадите кога јас ќе кажам

---

[9] Jens Zimmermann (Edt.), *Re-Envisioning Christian Humanism: Education and the Restoration of Humanity* (Oxford University Press, 2016), стр. 41.
[10] Gregory the Wonderworker, Panegyric 13. ed. and French trans. Henri Crouzel, Grégoire le Thaumaturge: remerciement à Origène suivi de la lettre d’Origène à Grégoire, Sources Chrétiennes 148 (Paris: Cerf, 1969); Eng. trans. in Alexander Roberts and James Donaldson (eds), The Ante-Nicene Fathers (ANF), 6, Gregory Thaumaturgus, Dionysius the Great, Julius Africanus, Anatolius and Minor Writers, Methodius, Arnobius (1886; repr. Peabody, MA: Hendrickson, 2004).
[11] Според Cf. George L. Kustas, *Studies in Byzantine Rhetoric, Analecta Vlatadon 17* (Thessaloniki: Patriarchal Institute for Patristic Studies, 1973).
[12] Jens Zimmermann (Edt.), *цит. дело*, стр. 42.

дека најдов нешто покорисно. Токму за ова сакам да ви дадам совет. Имено, не треба еднаш засекогаш да им се предаде кормилото на бродот на овие луѓе и да се следат каде и да нè водат. Туку да се позајмува од нив сè што е корисно, а тоа што е поинаку да се отфрли. И што е тоа и како да се разликува е она на што ќе ве научам, почнувајќи вака: Ние апсолутно не го почитуваме и не го нарекуваме добро она што ни дава совршенство само во овој земен живот. Ниту силата, ниту убавината, ниту почестите од сите луѓе, ниту самото кралство ние не го препознаваме како големо, дури и достојно за желба, но се надеваме понатаму и правиме сè за да се подготвиме за другиот живот. Затоа, она што ни помага за тоа, велиме дека мора да го сакаме, а она што не ни помага за тоа, треба да го презираме како безвредно."[13] Оттука, свети Василиј Велики предлага да се земе од предхристијанското образование само она што е важно за животот во идниот век.

Во есејот „За тоа како младите можат да имаат корист од паганските книги", свети Василиј Велики делува како мудар педагог, кој ја формира способноста кај своите ученици за критичко и љубезно однесување кон наследството на предхристијанската култура. Забележливо е дека овој истакнат теолог и светител го градел своето дидактичко дело по аналогија на добро познатиот трактат на Плутарх: „Како треба младиот човек да ја проучува поезијата". Најпознатото дело на свети Василиј Велики „Шестоднев" има карактер на учебник. Тоа е дидактички оформен расказ за универзумот во согласност со библиското учење за создавањето на светот.

Свети Василиј Велики го признавал световното образование како потребно за овој свет, но го сметал како потполно бескорисно за „другиот свет". Според неговото учење, од сите живи суштества, само човекот го носи во себе образот Божји, има душа и ум. Оттука доаѓа заклучокот дека сè што е надворешно и телесно не е подобно на Бога и според тоа, знаењето што се стекнува преку сензации не е вистинско. Општиот услов за правилно образование и воспитание е оддалечување од световното и телесното преку молитвата и постот. Светителот сметал дека главниот метод на воспитанието е само-познавање на една личност преку задлабочување во својот внатрешен свет. Тука може да се забележат карактеристичните црти на православниот пристап кон воспитанието: внимание кон психичкиот свет на воспитаникот, комбинација на верата и самостојната мисловна активност и второстепено значење на надворешниот свет.

Свети Василиј Велики го става умственото образование на прво место: сè треба да подлежи на анализа, активно ментално размислување со чија помош ученикот треба да дојде до точните одговори и да формулира вистински концепти. Познавањето на надворешниот свет е патот кон познавање на Бога, бидејќи светот е создаден од Бога. Оттука, изучувањето на световните науки не е цел сама по себе, туку средство за спознавање на вистината.

Според свети Василиј Велики, главната задача на христијанското воспитание е да ѝ се помогне на душата да постигне соединување со Бога. Христијанска должност на сите, а

---

[13] Василий Великий, святитель. *Избранные творения* (Москва: Издательство Сретенского монастыря, 2006), 347-348.

особено на монасите е да се воспитуваат децата. Светителот предлагал да се изградат во манастирите посебни домови, каде ќе бидат поучувани децата од искусни, великодушни, татковски настроени, благоразумни учители, одбрани и проверени од страна на игуменот. При процесот на поучување, децата не треба да бидат навредувани со укори. Учењето треба да биде пријатно, лесно, без вознемиреност и да ја постигне целта, советува светителот. Со вистинско водство, тие наскоро ќе развијат внимателност и вештина да не бидат расеани.

Изворот на авторитативното педагошко водство е Светото писмо, кое просветлува и води кон вечен живот. Сепак, надворешните (световни) науки не се бескорисни за душата. Сè додека ученикот не достигне возраст за да ја разбере длабочината и значењето на Светото писмо, тој треба да го сврти погледот кон светлината на духовноста; треба да се навикне „да го гледа сонцето во водата“, вежбајќи го „духовното око“ со нехристијанските писатели од кои може да се научи многу добро – препорачува свети Василиј. Проблемот со степенот до кој треба да се користат античките класици во христијанското учење, станал еден од централните во ерата на формирање на средновековното образование. Свети Василиј Велики сметал дека е можно, па дури и потребно да се свртиме кон класичните дела во процесот на христијанското поучување. Ученикот треба да собере нектар од нивните дела, не заведувајќи се од нивната надворешна примамлива брилијантност, туку користејќи ги нивните заслуги за своја духовна наобразба, избирајќи во нив она што помага да се постигне совршенство и доблест и она што одговара на вистината. Без да го негира естетското значење на книжевните дела, свети Василиј препорачува да се организира нивното проучување на таков начин што ќе му служи на моралното воспитание. Кога се проучуваат таквите дела, пред сè треба да се обрне внимание на мислите и постапките кои водат кон доблест, размислува светителот. Користејќи бројни примери од делата на античките автори, свети Василиј покажува како тие доведуваат до презир кон богатството и славата, мирно да се поднесуваат навредите и да се спречи гневот; учат на издржливост, скромност, истрајност и одлучност.

Меѓу христијанските писатели од доцната антика, на свети Јован Златоуст несомнено му припаѓа првото место. Тој не само што бил брилијантен стилист и проповедник, туку и извонредна личност со длабоко размислување и чувствителност. Интересот за педагошките проблеми е присутен во сите дела на овој светител. Тој сметал дека воспитувањето на децата во христијански дух е најважната религиозна заповед и секогаш во своите проповеди им посветувал големо внимание на овие прашања.

За свети Јован Златоуст, образованието и воспитанието е многу голема работа и нема ништо потешко од уметноста на воспитување на децата. „Која уметност“, вели свети Јован Златоуст, „може да се спореди со уметноста на образование на душата и просветлување на умот на еден млад човек? Човекот кој ја познава оваа уметност, треба да биде повнимателен од било кој сликар или вајар.“[14] Понатаму светителот вели: „Не грижете се да го направите (синот) познат по световната ученост и да му дадете слава; но обидете се да го научите да ја презира славата на овој живот, со тоа тој ќе биде прославен... Ова не се учи од световните учители и не со помош на науката, туку од Божествените списи... Потребно е добро

---

[14] Иоанн Златоуст, свят., *Увещеваю вас, возлюбленные. Избранные беседы* (Москва: Отчий дом, 2008), 73-74.

однесување, а не духовитост, морал, а не моќ на говор, дела, а не зборови. Тоа го носи царството и дарува реални придобивки. Не го изострувај својот јазик, туку прочисти ја својата душа!“[15]

И доколку античките писатели, по правило се фокусирале на образованието (на пример, Платон смета дека воспитувањето е резултат на специјална форма на образование), тогаш за христијанството, моралното и религиозното воспитание се значајни сами по себе, а Златоуст детално ги дискутира прашањата за воспитанието. Во исто време, тој е особено заинтересиран токму за емоционалните аспекти на педагошкото влијание – воспитувањето на чувствата и душата.

Зборувајќи за ова, Златоуст ја преиспитува идејата на Платон за воспитание на граѓаните како најважен предуслов за создавање на идеален полис. Според Златоуст, полисот не се споредува со личноста, туку личноста со полисот. Така, секоја личност сочинува цел посебен свет. Индивидуализмот и психологизмот од доцната антика тука се манифестираат многу јасно. Во исто време, таквата „политичка“ концепција на индивидуата овозможува дискутирање на технологијата на образованието на ист системски начин како што античките автори (Платон и Аристотел) разговарале по однос на прашањето за државното устројство. И тука Златоуст делувал како далечен претходник на модерната педагогија.

Педагошките техники што ги користел свети Јован Златоуст се истите кои ги среќаваме и кај светиот апостол Павле: описен јазик, пријателски разговор, строга дисциплина, награди, модели за имитација и сл. Меѓу другото, тој користи конкретни слики како педагошка стратегија за обликување на светогледот и начинот на животот на луѓето. Неговите беседи се исполнети со слики од секојдневниот живот, прикажани низ објективот на вредностите на библискиот наратив. Оваа педагошка практика има своја паралела со духовната педагогија во античко време.[16] Златоуст обилно го цитира Светото писмо и сите изреки ги толкува и ги коментира повеќе пати. Со таквиот воспитен метод, свети Јован Златоуст грижливо ги води верниците од едноставното секојдневно сознание до сфаќање на скриените вистини на христијанското учење. Неговата грижливост кон сирачињата, вдовиците, странците и болните била причина за пишување на неговите познати омилии, за сите нив да ги утеши како грижлив и полн со љубов отец и воспитувач.

Една од посебните педагошки мерки според свети Јован Златоуст е смирениот ум, и него го смета за почеток и крај на доблестите кај човекот кој се воспитува.[17] Љубовта, пак, за свети Јован Златоуст е вистински и есхатолошки темел на човековата ипостас. Кога недостасува љубов, не недостасува само една доблест, туку сите други се бескорисни.

---

[15] Иоанн Златоуст, свят. Уроки о воспитании, цит. во: А. Наумова, Г. Калинина. *Как мы любим наших детей* (Москва: Лепта Книга, 2007), 395-396.
[16] David Rylaarsdam, „Clerical Pedagogy and Divine Precedents“. *Teachers in Late Antique Christianity, Studies in Education and Religion in Ancient and Pre-modern History in the Mediterranean and Its Environs*, Editor(s): Peter Gemeinhardt, Olga Lorgeoux, Maria Munkholt Christensen (Tübingen, Germany: Mohr Siebeck, June 2018), 122-128.
[17] Според Драгомир Сандо, протојереј. *Богослужење као основа образовања и васпитања у Цркви* (Београд: Глобосино, 2009), 59.

Љубовта ги придвижува сите други вредности. Дури и од подвизувањето нема никаква корист доколку човекот не се води од несебична љубов, смета свети Јован Златоуст. Свештениот отец допушта некој да биде разрешен и од постот и воздржувањето само да не се наруши љубовта, бидејќи сите воспитни методи и мерки имаат само една цел – да нѐ поучат на љубовта. Односот помеѓу Бога и човекот и односот помеѓу човекот и неговиот ближен претставуваат однос на љубов. Тој однос е ист како односот помеѓу душата и телото.

Воспитната смисла на љубовта кон ближниот, според свети Јован Златоуст добива на значење само кога води до спасение на човековата душа и телесен ентитет. Светителот ја дели љубовта на себична и несебична. Како пример за себична љубов ја посочува љубовта на Египќанката кон Јосиф, додека христијанската несебична љубов има за цел спасение на човековата душа.[18] Свети Јован Златоуст постојано поучувал на љубов и многу се жалостел што можел да сведочи на недостатокот на љубов во негово време.

И покрај тоа што свети Јован Златоуст бил ученик на философот Андрагатиј, се чини дека не бил благонаклонет кон страогрчката философија. Меѓутоа, сето тоа знаење му овозможило да развие сопствен стил и христијанска педагошка мисла чие тежиште и перспектива се наоѓаат во есхатологијата и сотириологијата. Иако бил човек со исклучиво богато образование, што се гледа и по тоа што често цитира многу класични писатели, сепак, не покажал воодушевување кон класичното античко образование, но истото не го ни отфрла. Свети Јован Златоуст прави јасна разлика помеѓу вредностите и стекнувањето на знаење на кое му придава второстепено значење. Претхристијанските философи ја признаваат вредноста, но таа не е ни одблизу доволна за да се благословствува на нејзините принципи. Затоа, свети Јован Златоуст првенствено ги упатува верниците да го читаат Светото писмо, сметајќи го за единствен учител и воспитувач на сите времиња, но и за последните денови кога Христовата Црква ќе има задача да исповеда и сведочи против антихристот.

Свети Јован Златоуст го смета човекољубието за основа на општествената заедница и корен на секое добро, а сосема спротивно мислење има за нечовечноста. Богатите, кои во своите раце го држат имотот, според светителот, се само домаќини на тоа што го поседуваат. Некои критичари ваквата педагошка проповед на Златоуст ја сметаат за демагогија, но веројатно не се во право, бидејќи неговите зборови се кажани од срце и со голема љубов кон сиромашните, а тоа било и начин на воспитување, учејќи ги верниците на етика и култура. Светителот ропството го разбирал како воспитна мерка за гревовите, а неволјите и разочарувањата ги разбирал како педагошки средства кои не треба да го плашат борецот, бидејќи така ќе биде овенчан со повеќе венци. Единствено што треба да го жалости човекот е гревот, додека страдањата се само сенка и дим кој не може да ѝ наштети на душата. За доблестите велел дека се оружје на христијанинот, а за најголемо оружје ја сметал молитвата, па затоа ги поучувал христијаните на постојана молитва.

---

[18] Според Драгомир Сандо, *цит. дело*, стр. 60.

Свети Јован Златоуст се разликува од свети Василиј Велики и свети Григориј Богослов по тоа што е теоретичар и богослов помалку од нив, но во поголема мера практичар и близок на библискиот текст како педагог и учител на вечноста. Златоуст сметал дека Христос не делувал на земјата само како учител, туку и како педагог и избавител на човекот од ѓаволот. Христијанската педагогија објаснува дека следењето на Христа и христијанскиот живот придонесуваат за ослободување на оковите на смртта. Оттука, целта на Христовото делување не се завршува само и единствено со обожување на човековата природа, туку за крајна цел има остварување на вечен живот за секој човек. Така, верувајќи, човекот станува христоносен храм.

Според свети Јован Златоуст, Божјиот домострој се заснова врз човековата слобода. Преку стекнување на доблести и воспитување во Христовата наука се станува вистинско Божјо чедо. Како што телото на човекот има секојдневна потреба од храна, така е потребно да се стане причесник на духовната храна преку светата тајна Евхаристија.

Свети Јован Златоуст извршил педагошки истражувања и дошол до заклучок дека читањето на духовните четива и етичкото опкружување во Црквата го воспитуваат и упатуваат човекот кон морална добрина. Тој истакнува корисни морални поуки за тоа какви се придобивките на верниците од нивното морално унапредување, преку пеење на химни и празнување на светителите и маченицfolks. Во Црквата верниците не се стекнуваат само со образование, туку доаѓа до преобразување на суштината на човековото постоење. Затоа познанието е многу корисно за стекнување на доблести и морално усовршување. Доследниот живот според учењето на Црквата го разобличува ѓаволот и ги открива сите негови сплетки, а светите тајни ги укрепува кај верникот.

Во Беседата на Гората, Христос ги одредува педагошките вредности на Црквата. Според свети Јован Златоуст, Христовата етика е ангелска, додека етиката на Законот е само природна. Како последица на таа нова реалност, етичко-педагошката поука на Христос станува построга од старозаветната. Новото етичко-педагошко учење не го укинува старото, туку го задржува и дополнува. Заповедта за љубовта веќе не е општа и неодредена, туку тоа е заповед која од нас бара да ги сакаме и нашите непријатели. Христос нè поучува да не возвраќаме со иста мера кога ќе доживееме неправда, туку да останеме спокојни и да го сакаме оној кој ни нанел неправда. Чинејќи му добро, да Му се молиме на Бога да му прости за сторената неправда. Преку оваа етичко-педагошка анализа свети Јован Златоуст нè упатува на тоа дека Евангелието претставува совршен кодекс на морални и педагошки поуки. Благодатта на Црквата ги прифаќа и убијците и крадците за да ги преобрази преку крштението. Духот на слободата може да оживотвори, да воспита и да исцели. Тоа е етичко-педагошката цел на Црквата и такво е делувањето на Светиот Дух за спасение на сите луѓе преку светите тајни.

Начелото за расудување е педагошко правило на Црквата. Тука етиката и педагогијата се воздигнати на ниво на закон. Светиот отец оди понатаму во својата анализа кон совршени педагошки методи. Предуслов за ваквите методи е да се стекне добра совест и внатрешен мир. Златоуст почнува од наједноставната метода, за да ги води понатаму верниците кон повисоките степени на духовно усовршување. Започнува со тоа што

настојува да ги убеди верниците дека треба да го мразат гревот и да се плашат од злото, бидејќи е тоа првиот чекор кон морално усовршување. Човекот кој се бори, почнува со страв, а завршува со совршена љубов која го поништува стравот. Во својата аргументација Златоуст се користи со техниката на елинското воспитание, објаснувајќи дека злобата во себе содржи казна, а доблеста – сладост. Злобата ја следат нејзинитие трули плодови уште овде на земјата, во овој живот и го спречуваат исцелувањето и духовното здравје на човекот. Злобата и лукавството за човекот претставуваат несреќа. Од друга страна, оној кој е ослободен од грижа, завист и клевета, ослободен е и од грижа на совеста и осудување.

Свети Јован Златоуст смета дека Бог, како совршен Педагог, сака сите луѓе да се спасат. Нему Му е важно луѓето кои грешат, искрено да се покајат. Бог не е Оној кој се заканува и казнува, туку казнува единствено кога луѓето не сакаат да се покајат за своите злодела како што е примерот со луѓето од Содома. Светителот говори за примена на казната како педагошка мерка во зависност од индивидуалните карактеристики на личноста, како и во зависност од тоа дали станува збор за клирик или мирјанин. Заканата со казна во пеколот е педагошко средство за човекот да се оддалечи од гревот. Единствен начин да се избегне ваквата казна е обраќање кон Творецот. Затоа и грижливиот родител кога не сака да го казни своето дете, го увеличува стравот од казната. Стравот Божји е потребен за духовно созревање. Ѓаволот создава лажно чувство кај луѓето дека нема казна. Во таков случај, лекот е постојано сеќавање на воскресението и страшниот суд, како и на Второто Христово доаѓање, пишува свети Јован Златоуст.

Во Христовата беседа на Горага се истакнуваат наградите за праведните подвижници на духот. Бидејќи секоја доблест се здобива со труд, нужно е да се истакнат почестите и наградите. Свештениот отец како пример за тоа го наведува земјоделецот кој никогаш не би ја обработувал земјата доколку размислува само на трудот кој треба да го вложи при тоа. Надежта дека неговиот труд ќе биде награден со плод, претставува мотив кој му ја олеснува работата. Во Блаженствата, кои претставуваат идеални педагошки начела и божествено воспоставување на новиот Закон, Христос дава ветување за Царството небесно и надежта преминува од земјата кон небесата. Додека во Стариот завет Бог ја допуштал наградата за праведниците во земниот живот, во Новиот завет морално-педагошкиот пристап е таков што ги воспитува верниците наградата за својата праведност и доброчестивост да ја очекуваат пред сè на небесата.

Свети Јован Златоуст за монасите вели дека се духовна војска која се воспитува за борба на првата линија од фронтот. Љубовта кон ближните е објект на монашката грижа. Монаштвото не е себична потрага за чувствата, туку преобразба на лажниот свет во вистински – во есхатолошка стварност и вистина. Свештениот отец ги смета монасите за сведоци и учители на преминот од лажниот свет во вистински. И уште ги смета за примери за целомудрие, сиромаштво и оживотворување на библиските заповеди со цел да се постигне есхатолошка совршеност и полнота. Монасите ги нарекува свети, апостоли и учители за спасение на луѓето, а манастирите ги споредува со светилиште кое високо свети и спречува да се случи бродолом. Со својата молитва монасите заслужиле да бидат патеводители и отци на целиот свет. За светителот било важно присуството на монасите и

во градот, затоа ракоположил многу монаси во свештенички чин, бидејќи верувал во нивната дидактичка улога и во значењето на добриот пример во општеството. Од друга страна, светителот многу строго ги прекорувал монасите и клириците поради мрзливоста и недостатокот на љубов кон луѓето.

Од погоре изложеното можеме да заклучиме дека педагошките погледи на свети Јован Златоуст се синтеза на древноисточната (поточно библиската) и античката традиција на воспитанието. Од древниот исток доаѓа непосредноста на педагошкото делување, структурирањето и нагласувањето на волјата и чувствата, а од антиката – систематичноста, тенденцијата за анализа, односот кон воспитанието како независна област на човековата дејност и зголемено внимание кон техниката на педагошкото дејствување. Несомнено, не станува збор за механичка комбинација на традициите, туку за нивна креативна синтеза.

Овој осврт кон делата на свети Климент Александриски, свети Василиј Велики и свети Јован Златоуст и нивното големо значење за христијанската педагогија е фрагментарен и може дополнително да се проучува, но сепак остава простор да ја увидиме стварноста зошто делата на овие светители се подеднакво актуелни и во денешно време.

Според изложеното, делата на светите отци, за нас, се извор на креативна инспирација и пример за христијанска храброст и мудрост. Во светлината на патристичката мисла, целата педагошка уметност се вознесува кон Христа. Меѓу светите отци, Тој не е апстрактен педагошки принцип. Тој навистина убедува, образува и го учи срцето кое верува.

Д-р Анета Јовковска, доцент
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“, Скопје

**Апстракт**

Целта на овој труд е да ја покаже улогата на ранохристијанските мислители во образованието и воспитанието. Анализирани се делата на светите отци од тоа време и изложена е нивната педагошка мисла. Понатаму, идентификувани се главните методи на педагошката пракса предложена од нив.

Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци, пред сѐ, му ја дава на човекот неопходната внатрешна основа за постигнување на сопственото спасение преку воспитување на однесувањето и надминување на страстите. Според светите отци, главната цел на образованието, во неговата вистинска смисла, е да се пресоздаде ликот на Бога во човекот. Светите отци се согласни дека главната задача на христијанската педагогија е воспитување на длабоко религиозна личност, која свето ќе ги почитува Божјите заповеди и ќе живее во љубов, добрина и праведност со другите луѓе.

Во светлината на патристичката мисла, целата педагошка уметност се вознесува кон Христа. Меѓу светите отци, Тој не е апстрактен педагошки принцип. Тој навистина убедува,

образува и го учи срцето кое верува. Делата на светите отци, за нас, се извор на креативна инспирација и пример за христијанска мудрост.

**Клучни зборови:** христијанска педагогија, свети отци, воспитување, образование, вредности, спасение, вера, вечен живот.

Aneta Jovkovska, PHD
Orthodox Faculty of Theology "St. Clement of Ohrid", Skopje

## Christian Pedagogy Depicted in The Works of The Holy Fathers

### Abstract

The purpose of this paper is to present the role of the early Christian writers in the establishment of educational and upbringing principles. The works of the early holy fathers are analyzed and their pedagogical thought is exposed.

The Christian pedagogy presented in the works of the holy fathers, above all, reveals the necessary inner basis for achieving salvation through the education of behavior and the overcoming of passions. According to the holy fathers, the main purpose of education, in its true sense, is to recreate the image of God in man and woman. The Holy Fathers agree that the main task of Christian pedagogy is to bring up a deeply religious person who will sacredly obey God's commandments and live in love, kindness and righteousness with other people.

In the light of patristic thought, all pedagogical art ascends to Christ. Among the holy fathers, He is not an abstract pedagogical principle. He truly convinces, educates and teaches a believing heart. The works of the holy fathers, for us, are a source of creative inspiration and an example of Christian wisdom.

**Keywords:** Christian pedagogy, holy fathers, upbringing, education, values, salvation, faith, eternal life.